# FAST & EXTREME




**ЛЕПИЛО СО ЕКСТРЕМНО ПОЧЕТНО ПРИЛЕПУВАЊЕ ЗА БРЗО ЛЕПЕЊЕ НА ТЕШКИ ПРЕДМЕТИ**

Професионално монтажно лепило со врвен квалитет, развиено врз основа на иновативната POWER-BOOST технологија, кое обезбедува моментална почетна јачина на лепење и исклучителни механички својства по стврднувањето.

## СВОЈСТВА

- Универзално лепило со висока почетна јачина на лепење: 500 kg/m².
- За внатрешна и надворешна употреба.
- Одлична адхезија на: бетон, мермер, гранит, керамика, тула, челик, железо, алуминиум, стакло, PVC, полиестер, плута, лим, дрво итн. (не е погодно за PE, PP, PTFE).
  Добра екструдибилност дури и при ниски температури.
- Не се слева во вертикални споеви.
- Добра адхезија на влажни површини, освен дрво.
- Одлични механички својства и висока тврдина.
- Обезбедува водонепропустлив и херметички спој.
- Отпорно на вибрации.
- Еколошки прифатливо; без растворувачи, изоцијанати и силикони.
- Хемиски неутрално лепило, не ја оштетува површината.
- Не предизвикува корозија, обезбедува антикорозивна заштита.
- Без мирис.
- Може да се пребојува; не се препорачуваат премази на база на растворувачи.
- Без промена на волуменот за време на стврднувањето, без собирање.
- Отпорно на атмосферски влијанија, УВ зрачење и стареење.
- Хемиска отпорност:
  – добра: вода, алифатски растворувачи, минерални масла, масти, разредени неоргански киселини и бази;
  – слаба или без отпорност на: ароматски растворувачи, концентрирани киселини и хлорирани јаглеводороди.
- Боја: бела.

## ТЕСТИРАЊА И СЕРТИФИКАТИ

EMICODE EC 1 PLUS емисии

## УПОТРЕБА

- Лепење и монтажа на различни, вклучително и потешки материјали, без дополнително прицврстување.
- Еластично лепење на делови од конструкции изложени на вибрации.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

**Свежо лепило**

| | |
|---|---|
| Основа: | хибриден MS-полимер |
| Изглед: | паста |
| Механизам на стврднување: | со влажност од воздухот |
| Специфична густина: | 1610 ± 20 kg/m³ |

| | | |
|---|---|---|
| Време на формирање кожа: | 23 °C / 50 % рел. влаж. | 7 ± 3 мин. |
| Брзина на стврднување: | 23 °C / 50 % рел. влаж. | 2–3 mm/ден |
| Температура на нанесување: | | од +5 °C до +30 °C |
| **Стврднато лепило** | | |
| Тврдина Shore A: | ISO 868 | 55 ± 5 |
| Губење на волумен: | ISO 10563 | < 1,5 % |
| Јачина на истегнување: | ISO 37 | 2,2 ± 0,3 MPa |
| Издолжување при кинење: | ISO 37 | 150 ± 50 % |
| Отпорност на температура: | | од −40 °C до +90 °C |

**ПРИМЕНА**

- Нанесете го лепилото директно од кертриџот.
- Површините што се лепат мора да бидат цврсти, чисти, без маснотии и прашина.
- Површините што се лепат може да бидат малку влажни.
- За подобрување на адхезијата на одредени површини, нанесете соодветен прајмер.

**Постапка за лепење:**

- Нанесете го лепилото во линија (мора да се обезбеди пристап на воздух/влажност).
- Поставете го предметот што се лепи на саканото место најдоцна 5 минути по нанесувањето на лепилото.
- Лепилото има добра почетна адхезија веќе 2 секунди по спојувањето. Оптоварување е можно по 48 часа.
- Нестрднатото лепило може да се исчисти со алкохол, а стврднатото лепило може да се отстрани само механички.

**ПАКУВАЊЕ**

- Кертриџ од 290 ml.

**СКЛАДИРАЊЕ**

- 15 месеци на суво и ладно место, на температура помеѓу 5 °C и 25 °C, во оригиналното, неотворено пакување.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ**

Дополнителни информации за безбедноста, упатствата за безбедно ракување и личната заштитна опрема, како и информации за отстранување се достапни во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Можете исто така да побарате копија од вашиот TKK дистрибутер.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Упатствата содржани во овој документ се засноваат на нашето истражување и искуство, меѓутоа, поради специфичните услови и методи на работа, препорачуваме да извршите прелиминарни тестови пред каква било примена на нашите производи.

**TKK d.o.o.**
Srpenica 1, 5224 Srpenica, Slovenia
+386 5 384 13 00, tkk.si